# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
## КАБИНЕТ НА АРХИЕПИСКОПОТ

бр. 39

Скопје 30.10.2020

Ваша Светост,

Нè натажи жалната вест за упокојувањето на Високопреосветениот Архиепископ Цетињски и Митрополит Црногорско-приморски, Амфилохиј.

Дозволете ми во Наше име, во името на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква - Охридска архиепископија (САС на МПЦ-ОА), на свештенството, монаштвото и на сите верни чеда, да изразам искрено сочувство и братско сострадание во болката на сестринската Српска православна црква (СПЦ), на Црногорско-приморската митрополија и на сите коишто го почитуваа Митрополитот Амфилохиј. Неговата боголубива личност и дело одбележа една светла страна во поновата историја на Српската Црква. Овој јерарх Христов беше сведоштво за изобилното излевање на даровите на благодатта на Светиот Дух и ќе биде запаметен не само како пастир добар, туку и како врвен професор и педагог, за што и самите посведочуваме како негов студент, но и посветен богослужител, просветен теолог, даровит беседник, грижлив отец на својот народ, монахољубив епископ...

Господ Исус Христос, Кој е воскресение и живот, нека ја упокои душата на новопретставениот Митрополит Амфилохиј во населбите на праведните, меѓу хоровите на светителите, а на сите коишто тагуваат за него, нека им се дарува оправдана утеха и сигурна надеж во воскресението.

Бог да го прости и нека му дарува Царство Небесно!

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ

Стефан

До
**Неговата Светост,**
**Архиепископот Пеќски,**
**Митрополит Белградско-карчовачки и**
**Патријарх Српски**
**г. г. Иринеј**

МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА - ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ
* СКОПЈЕ *

бул. Партизански одреди бр. 12
1000 Скопје, Република Македонија
www.mpc.org.mk
www.spe.org.mk

тел./факс: ++389 (0)2 313 66 31
e-mail: mpc@mpc.mk
arhiepiskop@mpc.mk